# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр 03-3657/1
Скопје 14.08.2017г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009


**Предмет: Прв седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува првиот седмичен извештај за периодот од 7 до 13 август 2017 година.

Според Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси, Агенцијата започна со мониторинг на 7 август 2017 година, наредниот ден по распишувањето на изборите. Во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања, предмет на мониторинг се два телевизиски и два радио сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ), 14 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Сонце, ТВ Наша, ТВ 24 Вести, ТВ Канал 5 Плус, ТВ Сител 3, ТВ АРТ, ТВ 21-М, ТВ Шења и ТВ Нова) и 2 комерцијални радија на државно ниво (Радио Канал 77 и Радио Слободна Македонија). До почетокот на изборната кампања, за сите други програмски сервиси, Агенцијата ќе врши мониторинг врз основа на претставки.

За мониторингот до почетокот на изборната кампања, освен вработени во Стручната служба, ангажирани се 7 надворешни соработници. Мониторингот е фокусиран на одредбите од Изборниот законик што се применуваат во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања. Се следи 24-часовната програма на телевизиите и радијата, а се анализираат централното издание на вестите и посебните информативни програми (интервјуа, дебати, и други информативни програми).

Во согласност со нашиот меморандум за соработка, на веб страницата на Агенцијата функционира посебен дел посветен на изборите (банерот ИЗБОРИ 2017), во кој се поместени сите релевантни документи за овој изборен процес на македонски, на албански и на англиски јазик.

Ве известуваме дека веднаш по распишувањето на изборите, Агенцијата:

- Испрати известување до сите радиодифузери со потсетување за обврските од Изборниот законик што се применуваат до започнување на изборната кампања;

- Ја извести јавноста за отпочнување на мониторингот на медиумите, за посебниот банер на веб страницата каде што ќе можат да ги најдат сите документи поврзани со мониторингот на медиумското покривање на Локалните избори 2017, за начинот како да се испрати претставка за медиум, како и за роковите на медиумите за доставување ценовници за платено политичко рекламирање;

- Одржа работен состанок (на 11 август 2017 година) со одговорните уредници и други претставници од медиумите што се предмет на мониторинг во периодот пред изборната кампања.

Според востановената пракса, за начинот на известување во вестите и другите информативни програми, Агенцијата ќе објавува извештаи за секој период од 10 дена. За евентуални прекршувања на одредбите од Изборниот законик, извештаи ќе се подготвуваат веднаш по констатирање на прекршувањата.

Во тек се:

- мониторингот на првиот 10-дневен период по распишување на изборите (од 7 до 16 август 2017 година); и

- обработката на пристигнатите ценовници за платено политичко рекламирање доставени од страна на радиодифузерите во законскиот рок (до 11 август 2017 година).

Извештајот од мониторингот и Прегледот на пристигнати ценовници ќе ви бидат доставени и јавно објавени, веднаш по нивната изработка.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

по овластување на директорот

...........................................................

м-р Драгица ЉУБЕВСКА